Бр. 12-415/6
05.11.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител на ден 13.02.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 23-та седница одржана на 1 ноември 2019 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од непознат подносител на ден 13.02.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-415/1 од 13.02.2019 година, во која се укажува на сомневање за прекршување на членот 8-а од Изборниот законик, во делот на тоа дека започнатите постапки за вработување треба да се ставаат во мирување со денот на донесувањето на одлуката за распишување на претседателски избори во 2019 година, а кои сомневања во пријавата се однесуваат на постапката за вработување на работно место - воспитувач на неопределено време во ЈОУ Детска градинка ---------------------, која се спроведува врз основа на Јавниот оглас, објавен на ден 07.02.2019 година.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-415/1 од 13.02.2019 година, поради непотврденост и неоснованост на наводите содржани во пријавата.

Предметот со број 12-415/1 од 13.02.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-415/1 од 13.02.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за прекршување на членот 8-а од Изборниот законик, во делот на тоа дека започнатите постапки за вработување треба да се ставаат во мирување со денот на донесувањето на одлуката за распишување на претседателски избори во 2019 година, а кои сомневања се однесуваат на поведената постапка за вработување на едно лице на работно место воспитувач на неопределено време врз основа на Јавниот оглас во ЈОУ Детска градинка ---------------------, објавен на ден 07.02.2019 година.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите содржани во пријавата по која е оформен предметот број 12-415/1 од 13.02.2019 година, беа преземени следниве процесни дејствија:

- Барање за доставување на податоци и информации до ЈОУ Детска градинка --------------------- со број 12-415/3 од 20.03.2019 година со кое се бара да се доставаат податоци за објавениот оглас за


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

вработување на воспитувач на неопределено време на ден 07.02.2019, како и податоци во однос на тоа дали поведената постапка по објавениот оглас е ставена во мирување со денот на донесување на одлуката за распишување на изборите на ден 08.02.2019 година.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата и преземените процесни дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека по донесување на Одлуката за распишување на изборите за избор на Претседател на Р. Северна Македонија на ден 8 февруари 2019 година од страна на Претседателот на Собранието на Р. Северна Македонија, Директорот на ЈОУ Детска градинка ------------------ донел Одлука за ставање во мирување на Јавниот оглас за вработување на неопределено време за работното место воспитувач во ЈОУ Детска градинка ----------------------- со број 02-27/6 од 12.02.2019 година со што во целост ја испочитувал забраната утврдена во членот 8-а од Изборниот законик, што е доставена во прилог на бараната документација.

Имајќи го во предвид сето ова, ДКСК утврди дека наводите содржани во пријавата се непотврдени и неосновани, од причина што поведената постапка за вработување на едно лице за вработување на неопределено време за работното место воспитувач со одлука на Директорот на ЈОУ Детска градинка ------------------- била ставена во мирување се до завршувањето на изборот за Претседател на Р. Северна Македонија, со што е постапено согласно членот 8-а од Изборниот законик.

Оттаму, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено на ден 01.11.2019 година по број 12-415/5

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk